**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

БР. 03 - 2468/2
од 06.10.2020
Прилеп

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16,64/2018 и 168/18), член 50, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, ,Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**Се организира јавна анкета и јавна презентација** на архитектонско урбанистички проект за препарцелација на две ГП - ГП27 и ГП28 во ДУП за УАЕ 1, УБ 1.1-дел со намена Г2,Г3,Г4 на КП 2027/1-дел, КП 2027/2дел и КП 2027/3-дел , КО Варош, Општина Прилеп.
Проектниот опфат е дефиниран со полигонална гранична линија, која се поклопува со надворешните граници на постојната градежна парцела, која се најдува на КП 2027/1-дел, КП 2027/2дел и КП 2027/3-дел , КО Варош, Општина Прилеп.

Вкупната површина на новоформираната градежна парцела е 4253м$^2$.

Јавната анкета и јавната презентација на архитектонско урбанистички проект за препарцелација на две ГП - ГП27 и ГП28 во ДУП за УАЕ 1, УБ 1.1-дел со намена Г2,Г3,Г4 на КП 2027/1-дел, КП 2027/2дел и КП 2027/3-дел , КО Варош, Општина Прилеп, ќе се спроведе со излагање на планот во просториите на Општина Прилеп и на интернет страната на општината www.prilep.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од **14.10.2020 до 20.10.2020г**. секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **19.10.2020г. во 14,00 часот** во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Илија Јованоски**

Република Северна Македонија
Градоначалник
Општина Прилеп